**Онлајн сесија за поврзување (Matchmaking session) за повикот за „Европски проекти за соработка“ (Креативна Европа)**, 18 март 2026 година

Дали сте културна или креативна организација со седиште во: Белгија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Естонија, Франција, Грција, Унгарија, Латвија, Литванија, Полска, Португалија, Романија, РС Македонија, Србија, Словенија, Шпанија, Шведска?

Канцелариите на Креативна Европа од овие земји ве поканувaат да се приклучите на **онлајн сесија за поврзување (Matchmaking session)** наменета за презентација на проектни идеи и барање партнери за аплицирање на повикот **„Европски проекти за соработка (2026)“/„European Cooperation Projects (2026)“**.

**Кога:** 18 март 2026 година, 11:00 – 13:00 часот

**Каде:** онлајн (Zoom)

🔷 **Претставете го вашиот проект како презентер (pitcher)** – пријавете се за кратка **5-минутна презентација на вашата проектна идеја**, по која следуваат **15 минути прашања и дискусија** со учесниците.

***Ве молиме имајте предвид:*** *Предност ќе имаат проектите што се во понапредна фаза на подготовка. Предложените проекти треба да имаат јасно изразена европска димензија.*

🔷 **Приклучете се како набљудувач (observer)** – следете ги презентациите и можеби ќе станете партнер во некој од презентираните проекти.

Линкови и рокови за регистрација:

- за презентација на проект: **до 11 март 2026 година**

  линк: https://forms.office.com/e/uPcQumpAXw

- како набљудувач: **до 17 март 2026 година**

  линк: https://us02web.zoom.us/meeting/register/7l5jqfQbQPOdbH_wURZ9NQ

Вашата регистрација ќе биде автоматски потврдена, а Zoom-линкот ќе биде испратен веднаш по регистрацијата.

Од сите пријавени, **10 проекти ќе бидат избрани за онлајн презентација на 18 март**, додека другите ќе бидат вклучени во **заедничката база на проекти**, која ќе биде споделена со сите регистрирани учесници за понатамошно вмрежување и партнерства.

За повеќе информации, контактирајте ја Канцеларијата на Креативна Европа на РС Македонија на следнава електронска адреса: info@ced.mk

https://ced.mk/kultura/260310-lajn-sesija-za-povrzuvane-za-povikot-evropski-proekti-za-sorabota-18032026